ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ



# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012/2013 ГОДИНА

Скопје, 2013 г.

## ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ – Скопје

**В. Д. Директор:**
**Асс. д-р Шабан Мемети**

ИЗГОТВУВАЧ:

**СЕКТОР ЗА ПРОМОЦИЈА, АНАЛИЗА И СЛЕДЕЊЕ НА НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

*Проф. Д-р Елена Ќосевска* - Раководител на Сектор

**Стручна обработка:**

*Проф. Д-р Елена Ќосевска* - Раководител на Сектор

*Прим. Д-р Весна Стамболиева* - Началник во Сектор

*Асс. Д-р Блашко Касапинов* - Истражувач

*Јасмина Тахири* - Самостоен медицински статистичар


CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616-07-057.87(497.7)"2012/2013"(047)

ИЗВЕШТАЈ за остварување на програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во Република Македонија за 2012/2013 година / [изготвувач Елена Ќосева ... и др.]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2014. - 20 стр. : табели ; 30 см

Содржи и: Прилог

ISBN 978-608-4623-94-6

а) Систематски прегледи - Ученици и студенти - 2012-2013 - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 95352330

Врз основа на член 32 став 4 точка 7 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07,77/08, 67/09, 88/10 44/11 и 53/11), и Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2013 година (Сл.весник на РМ бр.4/2013) донесена од Владата на Република Македонија, ЈЗУ-Институт за јавно здравје - Скопје, изготвува

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012/2013ГОДИНА

## ВОВЕД

***Овој Извештај има за цел да ја прикаже реализацијата на целите, содржините и обемот на извршените активности предвидени со Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите за 2013 година. Исто така има за цел да даде приказ на просторните можности, опремата и кадарот кој учествува во реализацијата на горенаведената Програма.***

Согласно Програмата, систематските прегледи се извршуваат во зависност од возраста на учениците и студентите и тоа: во основното образование во I, III, V и VII одделение, во средното образование во I и IV година и во високото образование во првата година.

## I. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2012/2013 ГОДИНА

Во учебната 2012/2013 година бројот на учениците од основно и средно образование, како и на студентите кои биле прегледани, согласно Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2013 година изнесува 126 904
Табела 1

Табела 1.

| | **В К У П Н О** | | | **ОСНОВНО УЧИЛИШ.** | | | **СРЕДНО УЧИЛИШТЕ** | | | **СТУДЕНТИ** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **подлеж.** | **прегледани** | | **подлеж.** | **прегледани** | | **подлеж.** | **прегледани** | | **подлеж.** | **прегледани** | |
| | | **број** | **%** | | **број** | **%** | | **број** | **%** | | **број** | **%** |
| **2011/12** | 100206 | 96429 | 96,2 | **59927** | **58357** | 97,4 | 29494 | 27296 | 92,5 | 10785 | 10776 | 100 |
| **2012/13** | 131240 | 126904 | 96,7 | **84579** | **82026** | 97,0 | **33217** | **31441** | 94,7 | **13444** | **13437** | 100 |
| **Индекс 2013/12** | **131** | **131,6** | | **141,1** | **141** | | **112,6** | **115,2** | | **124,7** | **124,7** | |

Со систематски прегледи во 2012/2013 година опфатени се вкупно 126 904 ученици и студенти или 96,7% од подлежните. Споредено со претходната година (96,2%) се забележува лесно зголемување на опфатеноста.

Опфатеноста на учениците со систематски прегледи во основните училишта е задоволителна и изнесува 97%, што е за 0,4% помала со претходната година. Опфатеноста кај учениците во средното образование изнесува 94,7% (пониска е за 2,2% во споредба со претходната година), а кај студентите е 99.9% и е иста во споредба со претходната година.

***Реализацијата на извршените систематски прегледи на учениците и студентите го задоволува предвидениот стандард од 90-95% од подлежните.***

**Дијаграм 1**




| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основни училишта | 98,0% | 97,9% | 97,8% | 97,4% | 98,4% | 96,8% | 97,4% | 97,0% |
| Средни училишта | 96,4% | 96,0% | 95,6% | 95,6% | 96,0% | 97,4% | 92,5% | 94,7% |
| Студенти | 99,4% | 88,8% | 100,0% | 99,4% | 99,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

**Извор: ИЈЗ на Р.Македонија**

На прикажаниот дијаграм 1 се забележува дека опфатот на ученици и студенти во периодот 2006-2013 година е прилично константен, со вкупен опфат меѓу 96 и 97,9%, што значи дека во анализираниот период опфатот е во рамките на и над предвидениот стандард.

## а) Систематски прегледи на ученици во основни училишта

Во текот на 2012/2013 година систематските прегледи на учениците во основните училишта се вршени според возраста односно по одредени одделенија. Според добиените извештаи од здравствените организации за извршени прегледи и подлежни за преглед ученици постигнат е следниот опфат на прегледаните ученици:

I одделение: од предвидените 18.239 ученици прегледани се 17.726 или 97,2% што го задоволува општиот стандард.

III одделение: од предвидените 17.000 ученици прегледани се 16.511 или 97,1% што исто така го задоволува предвидениот стандард.

**Дијаграм 2**




**Извор: ИЈЗ на Р.Македонија**

V одделение: од предвидените 18.399 ученици прегледани се 17.879 или 97,2% и е во предвидениот стандард.

VII одделение: од предвидените 30.941 ученици прегледани се 29.910 или 96.7% што е во предвидениот стандард
Дијаграм 2

***Опфатеноста на прегледаните ученици во III одделение е најмала, споредувајќи ја со опфатеноста на учениците во другите одделенија.***

Обемот на извршените систематски прегледи во основното образование по региони е прикажан во табела 2.

Може да се констатира дека во сите региони обемот на извршените систематски прегледи е во рамките на предвиденоит стандард, исто како и во минатата година.

Опфатеноста на прегледаните ученици во сите региони во Републиката е задоволителна.

## б) Систематски прегледи на ученици во средни училишта

Според Програмата, во средните училишта систематските прегледи се извршуваат во I и IV година. Во 2012/2013 година систематските прегледи се извршени во следниот обем:

I година: од предвидените 18.319 ученици, прегледани се 17.388 или 94.9% со што опфатеноста е во рамките на предвидениот стандард.

IV година: од предвидените 14.898 ученици, прегледани се 14.053 или 94.3% со што опфатеноста е исто така во рамките на предвидениот стандард Дијаграм 3

**Дијаграм 3**




| | 2012 | 2013 |
|---|---|---|
| I клас | 95,0% | 94,9% |
| IV клас | 90,0% | 94,3% |

**Извор: ИЈЗ на Р.Македонија**

Во табела 3 (во прилог) даден е приказ на реализација на систематските прегледи на учениците во средните училишта по регион, од кој се гледа дека во сите региони е задоволителна. Исключок прават регионите: Крушево со 85,5%, Куманово со 89,7% и Тетово со 88,5%.

Во споредба со минатата година, опфатот бил под оптималниот стандард во истите горенаведени региони и уште во Крива Паланка, Радовиш и Штип.

Констатација е дека состојбата на реализираните систематски прегледи на учениците во средните училишта е задоволителна, но потребно е да се преземат напори за зголемување на опфатот до оптималниот стандард за регионите во кои не е исполнет.

### в) Систематски прегледи на студенти

Обемот на извршените систематски прегледи на студентите во Републиката во учебната 2012/2013 година во целост задоволува и изнесува 100%
Табела 3 во прилог

## II. СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКАМАКЕДОНИЈА ВО 2012/2013 ГОДИНА

Од добиените извештаи за систематски прегледи може да се констатира дека најголемиот дел од содржините предвидени со Програмата во целост се застапени. Деталниот преглед на содржините на извршени систематски прегледи е прикажан во табела 4 (во прилог).

**Утврдени патолошки состојби при извршени систематски прегледи на ученици и студенти во 2012/2013 година**

### а) Во основните училишта

Деформитетите и лошото држење на телото се најзастапените патолошки состојби утврдени при извршувањето на систематските прегледи кај учениците од основното образование.

Од деформитетите на телото најбројни се ***лошото држење на телото*** кое е евидентирано кај 19.183 ученици или 23,4% од прегледаните; потоа се ***деформитетите на 'рбетниот столб и градниот кош*** кај 18.857 ученици или 23% од прегледаните и ***деформитетите на стопалото*** кои се евидентирани кај 18.803 ученици или 23% од прегледаните.
Во споредба со претходната година, за сите претходно наброени патолошки состојби постои зголемување на процентуалната застапеност кај прегледаните ученици во 2013 во однос на 2012 година (20,5% деформитети на стопалото; 17,4% лошо држење на телото и 17,1% деформитети на 'рбетниот столб и градниот кош).

Деформитетите на ’рбетниот столб и градниот кош  најмногу се застапени кај учениците од V и VII одделение, додека деформитетите на стопалото во најголем број се регистрирани  во III и  VII одделение ( табела 5 во прилог).

***Лоша хранетост*** на телото е констатирана кај 10. 217ученици или 12,5% од прегледаните што зборува за поголема застапеност во споредба со претходната година, кога е најдена кај  11,2% од прегледаните ученици.

***Лоша развиеност*** на телото е забележана кај 4.764 ученици или 5,8% од прегледаните. Во споредба со претходната година забележана е помала застапеност, кога лошата развиеност била евидентирана кај 7,2% од прегледаните ученици (дијаграм 4).

**Дијаграм 4**




| | Лошо држење | Лоша развиеност | Лоша ухранетост | Деф.на рб.столб и гр.кош | Деф.на стопало |
|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 17,4 | 7,2 | 11,2 | 17,1 | 20,5 |
| 2013 | 23,4 | 5,8 | 12,5 | 23 | 22,9 |

**Извор: ИЈЗ на Р.Македонија**

Кај 6.276 ученици или 7,7% од прегледаните се најдени пречки на видот и мотилитетот, што е поголема застапеност во споредба со претходната година, кога биле евидентриани кај 6,1% од прегледаните; конгенитални срцеви аномалии се најдени кај 980 или 1.2% (за 0,5 % помалку во споредба со претходната година), а стекнати кај 889 или 1,1% од прегледаните што е за 0,6 % повеќе во споредба со претходната година.

***Вошливоста*** е застапена кај 242 ученици или 0,3% и е иста во споредба со претходната година, додека ***недоволната хигиена на телото*** е констатирана кај 607 или 0,7% од прегледаните ученици, колку што изнесувала и во претходната година.

***Лабораториските прегледи*** на крвта за хемоглобин, според доставените извештаи, се извршени само кај 73,9% од прегледаните ученици. При тоа е

најден хемоглобин под 10 гр.% кај 974 ученици или 1,2% од прегледаните на хемоглобин, што е за 1,3% помалку во споредба со претходната година кога оваа состојба е утврдена кај 1.470 ученици или 2,5%.

Преглед на урина е извршен кај 46.592 ученици или 56,8% од вкупно прегледаните, при што е најден албумен кај 2.449 ученици или 3% од прегледаните на албумен во урина. Претходната година, присуството на албумен во урината бил извршен кај вкупно 29.859 ученици, или 51,2% од прегледаните; албумен бил детектиран кај вкупно 2.087 или 3,6% од прегледаните.

При ***стоматолошките прегледи*** најден е кариес кај 18.870 ученици или 23% од прегледаните што е за 0,7% повеќе во споредба со претходната година. Ортодонтски аномалии се најдени 6.071 ученици или 7,4% од прегледаните, што е за 17% повеќе во споредба со претходната година.

## б) Средни училишта

Кај учениците од средните училишта од најдените патолошки состојби најзастапени се ***лошото држење на телото*** кај 6.944 ученици или 22,1% (за 19,3% повеќе од претходната година), потоа следат ***деформитетите на рбетниот столб и градниот кош*** кај 6.927 или 22% од прегледаните (за 7,1% повеќе во споредба со претходната година) и ***деформитетите на стопалото*** кај 4.865 ученици или 15,5% (за 28,3% повеќе во споредба со претходната година).

***Пречки на видот и мотилитетот*** се најдени кај 2.603 ученици или 8,3% од прегледаните, што е повеќе во однос на застапеноста на вакви најдени пречки кај помладите возрасти на учениците, односно учениците од основните училишта (7,7%).

***Конгенитални срцеви аномалии*** најдени се кај 201 ученици или 0,6%, и е за 49% помалку во споредба со претходната година, додека ***стекнати*** се најдени кај 132 или 0,4% од прегледаните ученици, што е за 86% повеќе во споредба со претходната година (71 и 0,3% од прегледаните).

***Лоша развиеност*** на телото била констатирана кај 1950 ученици (6,2%).
***Вошливоста*** е констатирана само кај 34 ученици или 0,1% што е уште помала застапеност во однос на вошливоста кај учениците од основното образование – 242 или 0,3%.
Табела 6, дијаграм 5

**Дијаграм 5**




**Извор: ИЈЗ на Р.Македонија**

***Лабораториски прегледи*** на крв за хемоглобин се извршени кај 21.724 ученици или 69,1% од прегледаните (за 43,2 % повеќе во споредба со претходната година), при што е најден хемоглобин под 10 гр.% кај 237 ученици или 0,8% од прегледаните на хемоглобин што е за 27,4% повеќе во споредба со претходната година.

Кај 12.421 ученици или 45,5% (за 17,9% помалку во споредба со минатата година) е извршен преглед на албумен во урина, а позитивен албумен е најден кај 2.946 ученици или 10,8% од прегледаните на албумен (за 7,8% повеќе во споредба со претходната година).

При извршените ***стоматолошки прегледи*** кариес е најден кај 5.457 ученици или 17,4% од прегледаните (за 43,3% помалку во споредба со најдениот кариес кај учениците од претходната година). Ортодонтските аномалии се регистрирани кај 1.744 ученици или 5,5% .
Табела 6, дијаграм 5

## в) Студенти

Кај прегледаните студенти како најзастапени патолошки состојби се: ***лошото држење на телото*** застапено кај 703 студенти или 5,2% од прегледаните и ***лошата развиеност на телото*** застапена кај 539 студенти или 4%. ***Деформитетите на рбетниот столб и градниот кош*** се регистрирани кај 674 студенти или 5% од прегледаните, а ***деформитетите на стопалото*** кај 2 студенти.

***Лабораториските прегледи*** на крв се извршени кај 12.557 студенти или 93.5%, а на урина кај 12.454 или 92,7 % од прегледаните студенти, при што хемоглобин под 10 гр% е евидентиран кај 913 или 6,8% од прегледаните студенти, додека албумен во урината е детектиран кај 646 или 4,8% од прегледаните. Кариес е најден кај 29.9% од студентите.
Табела 6

## IV. КОНСТАТАЦИИ

Според Програмата за систематски прегледи за 2012/2013 година опфатени се вкупно 131.240 ученици и студенти или 96,7% од подлежните и го задоволува предвидениот стандард од 90-95%. И во претходната година опфатеноста задоволувала и изнесувала 96,2%. Кај учениците во основното образование изнесува 97%; кај учениците во средното образование изнесува 94,7%; кај студентите е 100% од подлежните. Кај сите опфатеноста е нешто зголемена во споредба со претходната година.

Предвидените содржини на систематските прегледи според Програмата не задоволуваат во поглед на лабораториските испитувања (на крв -хемоглобин, урина-албумен и фецес за цревни паразити) кои се извршуваат во недоволен обем или воопшто не се извршуваат во некои региони.

Се ова гореизложеното наметнува преземање мерки за подобрување на спроведувањето на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти, посебно во однос на опфатеноста на учениците и студентите во ординациите со цел за санирање на најдените состојби.

# ПРИЛОГ

## ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО Р.М.,2013

**Табела 2**

| | Вкупно подлежни | Прегледани | | Одделенија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | I одд. | III одд. | V одд. | VII одд. |
| **Р.МАКЕДОНИЈА** | **84579** | **82026** | **97,0** | **17726** | **16511** | **17879** | **29910** |
| **Берово** | 778 | 762 | 97,9 | 129 | 152 | 141 | 340 |
| **Битола** | 4405 | 4395 | 99,8 | 1340 | 1079 | 1121 | 855 |
| **Мак.Брод** | 228 | 227 | 99,6 | 48 | 51 | 34 | 94 |
| **Велес** | 3017 | 3017 | 100,0 | 712 | 607 | 607 | 1091 |
| **Виница** | 829 | 813 | 98,1 | 149 | 177 | 162 | 325 |
| **Гевгелија** | 1078 | 1078 | 100,0 | 187 | 199 | 197 | 495 |
| **Гостивар** | 3324 | 3174 | 95,5 | 628 | 646 | 571 | 1329 |
| **Дебар** | 1028 | 1028 | 100,0 | 228 | 239 | 88 | 473 |
| **Делчево** | 1137 | 1137 | 100,0 | 212 | 222 | 230 | 473 |
| **Д.Хисар** | 402 | 402 | 100,0 | 118 | 101 | 87 | 96 |
| **Кавадарци** | 2003 | 1906 | 95,2 | 351 | 396 | 373 | 786 |
| **Кочани** | 1945 | 1912 | 98,3 | 351 | 381 | 419 | 761 |
| **Кратово** | 314 | 307 | 97,8 | 40 | 62 | 50 | 155 |
| **Кр.Паланка** | 1118 | 1084 | 97,0 | 194 | 196 | 378 | 316 |
| **Крушево** | 474 | 451 | 95,1 | 97 | 85 | 116 | 153 |
| **Куманово** | 8662 | 8249 | 95,2 | 1619 | 1671 | 1666 | 3293 |
| **Неготино** | 729 | 720 | 98,8 | 38 | 38 | 161 | 483 |
| **Охрид** | 2739 | 2649 | 96,7 | 548 | 545 | 582 | 974 |
| **Прилеп** | 4157 | 4129 | 99,3 | 816 | 767 | 879 | 1667 |
| **Пробиштип** | 119 | 119 | 100,0 | 25 | 22 | 21 | 51 |
| **Радовиш** | 1018 | 954 | 93,7 | 192 | 196 | 186 | 380 |
| **Ресен** | 648 | 645 | 99,5 | 120 | 124 | 115 | 286 |
| **Св.Николе** | 785 | 762 | 97,1 | 139 | 125 | 166 | 332 |
| **Скопје** | 34503 | 33098 | 95,9 | 7805 | 6678 | 7283 | 11332 |
| **Струга** | 981 | 911 | 92,9 | 170 | 187 | 213 | 341 |
| **Струмица** | 4836 | 4823 | 99,7 | 899 | 993 | 1025 | 1906 |
| **Тетово** | 2319 | 2271 | 97,9 | 571 | 572 | 540 | 588 |
| **Штип** | 1003 | 1003 | 100,0 | 0 | 0 | 468 | 535 |

*Пехчево е собрано со Берово
*Ростуше е собрано со Гостивар
Извор: ИЈЗ на Р.Македонија-Извештаи на службата за школски деца и младина (Образец бр. 03-04-60)

## ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ ВО СРЕДНИ УЧИЛИШТА И СТУДЕНТИ ВО Р.М.,2013

**Табела 3**

| | Вкупно подлежни | Средни училишта | | | | Студенти | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Прегледани | | I клас | IV клас | Прегледани | | |
| | | Број | % | | | Подлежни | Број | % |
| **Р.МАКЕДОНИЈА** | **33217** | **31441** | **94,7** | **17388** | **14053** | **13444** | **13437** | **100** |
| **Берово** | 188 | 175 | 93,1 | 78 | 97 | | | |
| **Битола** | 2047 | 2047 | 100,0 | 1069 | 978 | | | |
| **Велес** | 1070 | 1070 | 100,0 | 542 | 528 | | | |
| **Виница** | 193 | 192 | 99,5 | 92 | 100 | | | |
| **Гевгелија** | 430 | 430 | 0,0 | 246 | 184 | | | |
| **Гостивар** | 2372 | 2232 | 94,1 | 1075 | 1157 | | | |
| **Дебар** | 452 | 452 | 0,0 | 235 | 217 | | | |
| **Делчево** | 371 | 371 | 100,0 | 190 | 181 | | | |
| **Д.Хисар** | 210 | 210 | 100,0 | 125 | 85 | | | |
| **Кавадарци** | 1854 | 1806 | 97,4 | 900 | 906 | | | |
| **Кочани** | 551 | 516 | 93,6 | 247 | 269 | 20 | 13 | 65,0 |
| **Кратово** | 140 | 139 | 99,3 | 53 | 86 | | | |
| **Кр.Паланка** | 406 | 374 | 92,1 | 184 | 190 | | | |
| **Крушево** | 166 | 142 | 85,5 | 56 | 86 | | | |
| **Куманово** | 2446 | 2195 | 89,7 | 1023 | 1172 | | | |
| **Неготино** | 348 | 337 | 0,0 | 160 | 177 | | | |
| **Охрид** | 1229 | 1131 | 0,0 | 560 | 571 | | | |
| **Прилеп** | 1089 | 1071 | 98,3 | 673 | 398 | | | |
| **Пробиштип** | 218 | 215 | 98,6 | 99 | 116 | | | |
| **Ресен** | 243 | 240 | 98,8 | 116 | 124 | | | |
| **Скопје** | 9792 | 9312 | 95,1 | 5819 | 3493 | 12454 | 12454 | 100,0 |
| **Струмица** | 1912 | 1859 | 97,2 | 998 | 861 | | | |
| **Тетово** | 4932 | 4367 | 88,5 | 2290 | 2077 | | | |
| **Штип** | 558 | 558 | 100,0 | 558 | 0 | 970 | 970 | 100,0 |

Извор: ИЈЗ на Р.Македонија-Извештаи на службата за школски деца и младина (Образец бр. 03-04-60)

## СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО Р.М.,2013

**Табела 4**

| Утврдена состојба | | | Основни | | Средни | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| Вкупно прегледани | | | 42450 | 39576 | 16326 | 15115 | 5350 | 8087 |
| Чистота на телото | добра | | 42136 | 39283 | 15978 | 14847 | 5350 | 8087 |
| | лоша | | 314 | 293 | 348 | 268 | 0 | 0 |
| Вошливост | | | 53 | 189 | 10 | 24 | 0 | 0 |
| Држење на телото | добра | | 32422 | 30421 | 12648 | 11849 | 5003 | 7731 |
| | лоша | | 10028 | 9155 | 3678 | 3266 | 347 | 356 |
| Развиеност на телото | добра | | 33365 | 31323 | 13706 | 12511 | 3720 | 6721 |
| | средна | | 6602 | 5972 | 1691 | 1583 | 1413 | 1044 |
| | лоша | | 2483 | 2281 | 929 | 1021 | 217 | 322 |
| Хранетост на телото | добра | | 29324 | 27964 | 2415 | 2261 | 4962 | 7722 |
| | средна | | 7680 | 6841 | 1912 | 1526 | 386 | 364 |
| | лоша | | 5446 | 4771 | 11999 | 11328 | 2 | 1 |
| Деформации на рбетниот столб | кифоза | неозначена | 2255 | 1882 | 868 | 589 | 219 | 310 |
| | | изразена | 434 | 438 | 144 | 155 | 0 | 0 |
| | сколиоза | неозначена | 3035 | 2915 | 1197 | 1391 | 7 | 14 |
| | | изразена | 375 | 358 | 224 | 285 | 0 | 1 |
| | лордоза | неозначена | 80 | 91 | 45 | 89 | 0 | 0 |
| | | изразена | 64 | 77 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Дефор.на град.кош | | | 4543 | 2310 | 1379 | 560 | 48 | 75 |
| Дефор.на стопалото | | | 10342 | 8461 | 2534 | 2331 | 0 | 2 |
| Дефор.на др.делови на коструот | еднострано | | 100 | 81 | 35 | 14 | 0 | 0 |
| | двострано | | 23 | 6 | 68 | 105 | 0 | 0 |
| Пречки на видот и мотилитет | страбизам | | 1381 | 1393 | 402 | 400 | 1 | 3 |
| | нистагмус | | 1150 | 1296 | 572 | 755 | 0 | 0 |
| | слеп.за бои | | 484 | 572 | 216 | 258 | 0 | 0 |
| Оштетување на слухот | еднострано | | 6 | 1 | 2 | 3 | 0 | 0 |
| | двострано | | 334 | 271 | 663 | 804 | 0 | 0 |
| Кариес | I степен | | 6898 | 6713 | 2268 | 2019 | 1110 | 2905 |
| | II степен | | 2729 | 2530 | 679 | 491 | 0 | 1 |
| Парадентопатија | | | 115 | 104 | 350 | 267 | 0 | 1 |
| Ортодонски аномалии | | | 3097 | 2974 | 873 | 871 | 1050 | 640 |
| Срцеви мани | конгенит. | | 543 | 437 | 101 | 100 | 0 | 0 |
| | стечени | | 446 | 443 | 56 | 76 | 0 | 0 |
| Психич.развиеност | | | 188 | 99 | 16 | 13 | 0 | 0 |
| Говорни мани | | | 779 | 441 | 99 | 42 | 10 | 70 |
| Хемоглобин | под 10 гр% | | 437 | 537 | 62 | 175 | 280 | 633 |
| | 10 - 13 гр% | | 14436 | 14451 | 4181 | 5473 | 51 | 181 |
| | над 13 гр% | | 16482 | 14296 | 7290 | 4543 | 4611 | 6801 |
| Албумин во уреата | позитивен | | 1041 | 1411 | 260 | 374 | 218 | 428 |
| | негативен | | 24556 | 22585 | 9703 | 8125 | 4720 | 7088 |
| Измет на цревни паразити | позитивен | | 328 | 285 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | негативен | | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| Алергиски заболувања | да | | 41 | 56 | 29 | 22 | 443 | 613 |
| | не | | 308 | 260 | 97 | 67 | 4495 | 6903 |
| Сите останати хрон.патолошки состојби | | | 1784 | 1450 | 551 | 648 | 1 | 1 |

Извор: ИЈЗ на Р.Македонија-Извештаи на службата за школски деца и младина (Образец бр. 03-04-60)

## УТВРДЕНА СОСОТОЈБА ПРИ ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО Р.М.,2013

**Табела 5**

| Утврдена состојба | Основни училишта | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I одд. | | III одд. | | V одд. | | VII одд. | |
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Вкупно прегледани | 82026 | 100 | 17726 | 100 | 16511 | 100 | 17879 | 100 | 29910 | 100 |
| Чистота на телото - лоша | 607 | 0,7 | 136 | 0,8 | 111 | 0,7 | 132 | 0,7 | 228 | 0,8 |
| Вошливост | 242 | 0,3 | 37 | 0,2 | 52 | 0,3 | 62 | 0,3 | 91 | 0,3 |
| Држење на телото - лоша | 19183 | 23,4 | 2533 | 14,3 | 3568 | 21,6 | 4539 | 25,4 | 8543 | 28,6 |
| Развиеност на телото - лоша | 4764 | 5,8 | 999 | 5,6 | 976 | 5,9 | 998 | 5,6 | 1791 | 6,0 |
| Хранетост на телото - лоша | 10217 | 12,5 | 1705 | 9,6 | 2077 | 12,6 | 2578 | 14,4 | 3857 | 12,9 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 18857 | 23,0 | 3116 | 17,6 | 3259 | 19,7 | 4433 | 24,8 | 8049 | 26,9 |
| Дефор.на стопалото | 18803 | 22,9 | 4114 | 23,2 | 4243 | 25,7 | 4144 | 23,2 | 6302 | 21,1 |
| Дефор.на други делови | 211 | 0,3 | 36 | 0,2 | 39 | 0,2 | 48 | 0,3 | 88 | 0,3 |
| Пречки на видот и мотилитет | 6276 | 7,7 | 733 | 4,1 | 1105 | 6,7 | 1499 | 8,4 | 2939 | 9,8 |
| Оштетување на слухот | 622 | 0,8 | 162 | 0,9 | 177 | 1,1 | 113 | 0,6 | 170 | 0,6 |
| Кариес | 18870 | 23,0 | 3017 | 17,0 | 3365 | 20,4 | 3530 | 19,7 | 8958 | 29,9 |
| Парадентопатија | 219 | 0,3 | 33 | 0,2 | 59 | 0,4 | 47 | 0,3 | 80 | 0,3 |
| Ортодонски аномалии | 6071 | 7,4 | 555 | 3,1 | 1231 | 7,5 | 1372 | 7,7 | 2913 | 9,7 |
| Срцеви Конгенитални | 980 | 1,2 | 203 | 1,1 | 208 | 1,3 | 252 | 1,4 | 317 | 1,1 |
| мани Стечени | 889 | 1,1 | 120 | 0,7 | 175 | 1,1 | 198 | 1,1 | 396 | 1,3 |
| Психичка развиен. недоболна | 287 | 0,3 | 88 | 0,5 | 71 | 0,4 | 66 | 0,4 | 62 | 0,2 |
| Говорни мани | 1220 | 1,5 | 504 | 2,8 | 338 | 2,0 | 171 | 1,0 | 207 | 0,7 |
| Хемо- Под 10гр% | 974 | 1,2 | 258 | 1,5 | 242 | 1,5 | 228 | 1,3 | 246 | 0,8 |
| глобин Вк.прегледани | 60639 | 73,9 | 13326 | 75,2 | 12360 | 74,9 | 13117 | 73,4 | 21836 | 73,0 |
| Албумен Позитивен | 2449 | 3,0 | 481 | 2,7 | 436 | 2,6 | 585 | 3,3 | 947 | 3,2 |
| во урина Вк.прегледани | 46592 | 56,8 | 7784 | 43,9 | 10055 | 60,9 | 11284 | 63,1 | 17469 | 58,4 |
| Измет на цревни паразити | 817 | 1,0 | 120 | 0,7 | 123 | 0,7 | 88 | 0,5 | 486 | 1,6 |
| Алергиски Да | 97 | 0,1 | 14 | 0,1 | 10 | 0,1 | 9 | 0,1 | 64 | 0,2 |
| заболувања Вк.прегледани | 665 | 0,8 | 61 | 0,3 | 10 | 0,1 | 74 | 0,4 | 520 | 1,7 |
| Сите ост.хрон.патол. состојби | 3234 | 3,9 | 662 | 3,7 | 599 | 3,6 | 668 | 3,7 | 1305 | 4,4 |

Извор: ИЈЗ на Р.Македонија-Извештаи на службата за школски деца и младина (Образец бр. 03-04-60)

## УТВРДЕНА СОСОТОЈБА ПРИ ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ ВО СРЕДНИ УЧИЛИШТА И СТУДЕНТИ ВО Р.М.,2013

**Табела 6**

| Утврдена состојба | Средни училишта | | | | | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I клас | | IV клас | | Број | % |
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| Вкупно прегледани | 31441 | 100 | 17388 | 100 | 14053 | 100 | 13437 | 100 |
| Чистота на телото - лоша | 616 | 2,0 | 587 | 3,4 | 29 | 0,2 | 0 | 0,0 |
| Вошливост | 34 | 0,1 | 16 | 0,1 | 18 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| Држење на телото - лоша | 6944 | 22,1 | 4230 | 24,3 | 2714 | 19,3 | 703 | 5,2 |
| Развиеност на телото - лоша | 1950 | 6,2 | 864 | 5,0 | 1086 | 7,7 | 539 | 4,0 |
| Хранетост на телото - лоша | 4676 | 14,9 | 2491 | 14,3 | 2185 | 15,5 | 3 | 0,0 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 6926 | 22,0 | 4469 | 25,7 | 2457 | 17,5 | 674 | 5,0 |
| Дефор.на стопалото | 4865 | 15,5 | 2779 | 16,0 | 2086 | 14,8 | 2 | 0,0 |
| Дефор.на други делови | 222 | 0,7 | 117 | 0,7 | 105 | 0,7 | 0 | 0,0 |
| Пречки на видот и мотилитет | 2603 | 8,3 | 1530 | 8,8 | 1073 | 7,6 | 4 | 0,0 |
| Оштетување на слухот | 1472 | 4,7 | 738 | 4,2 | 734 | 5,2 | 0 | 0,0 |
| Кариес | 5457 | 17,4 | 2953 | 17,0 | 2504 | 17,8 | 4016 | 29,9 |
| Парадентопатија | 617 | 2,0 | 327 | 1,9 | 290 | 2,1 | 1 | 0,0 |
| Ортодонски аномалии | 1744 | 5,5 | 1060 | 6,1 | 684 | 4,9 | 1690 | 12,6 |
| Срцеви Конгенитални | 201 | 0,6 | 141 | 0,8 | 60 | 0,4 | 0 | 0,0 |
| мани Стечени | 132 | 0,4 | 88 | 0,5 | 44 | 0,3 | 0 | 0,0 |
| Психичка развиен.недоболна | 29 | 0,1 | 16 | 0,1 | 13 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| Говорни мани | 141 | 0,4 | 82 | 0,5 | 59 | 0,4 | 80 | 0,6 |
| Хемо- Под 10гр% | 237 | 0,8 | 113 | 0,6 | 124 | 0,9 | 913 | 6,8 |
| глобин Вк.прегледани | 21724 | 69,1 | 12096 | 69,6 | 9628 | 68,5 | 12557 | 93,5 |
| Албумен Позитивен | 634 | 2,0 | 367 | 2,1 | 267 | 1,9 | 646 | 4,8 |
| во урина Вк.прегледани | 18462 | 58,7 | 10368 | 59,6 | 8094 | 57,6 | 12454 | 92,7 |
| Измет на цревни паразити | 4 | 0,0 | 4 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Алергиски Да | 51 | 0,2 | 25 | 0,1 | 26 | 0,2 | 1056 | 7,9 |
| заболувања Вк.прегледани | 215 | 0,7 | 25 | 0,1 | 190 | 1,4 | 12454 | 92,7 |
| Сите ост.хрон.патол.состојби | 1199 | 3,8 | 607 | 3,5 | 592 | 4,2 | 2 | 0,0 |

Извор: ИЈЗ на Р.Македонија-Извештаи на службата за школски деца и младина (Образец бр. 03-04-60)